Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 15.06.2020

На 15.06.2020 во 00.30 часот, од полициски службеници од СВР Скопје на бул. „Партизански одреди", бил приведен 17-годишник од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени марихуана и нож. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.06.2020 во 20.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Бутелска" го лишиле од слобода М.Н.(26) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.06.2020 во 15.40 часот, од полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Срећко Пужалка", при извршен преглед кај Б.Н.(18) од с.Арачиново, бил пронајден нож на расклопување. Тој бил приведен, поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.06.2020 во с.Ваксинце, кумановско, од полициски службеници бил извршен претрес во домот на Т.Ќ.(59), при што биле пронајдени 51 мигрант, од кои 38 од Пакистан и 13 од Авганистан, меѓу кои имало и шест малолетни лица. Известен Јавен обвинител и се работи на расчистување на случајот.

На 14.06.2020 во 13.55 часот било пријавено дека во Битола, на регионалниот пат Новаци-Добрушево, кај с.Горно Агларци, патничко возило „ауди", со битолски регистарски ознаки, управувано од Г.М.(54) од с.Новаци, излетало од коловозот. Во незгодата, возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Битола, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Битола.

На 14.06.2020 во 19.50 часот било пријавено дека на автопатот Скопје - Куманово, кај наплатната рампа Романовце, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „рено меган", сопственост на МВР, управувано од полициски службеник и патничко возило „фолксваген пасат", со тетовски регистарски ознаки, управувано од непознат возач. По незгодата, возачот на возилото „фолксваген пазасат" го напуштил местото на настанот, а во возилото биле пронајдени осум мигранти од Пакистан. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово во присуство на инспектор од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и се работи на расчистување на случајот.

На 14.06.2020 во 23.00 часот, по претходна пријава за нарушување на јавниот ред и мир со физички напад, полициски службеници од Полициска станица Гостивар на ул.,,Гоце Делчев", пред угостителски објект, каде го нашле повреден А.Н.(39) од с.Лакавица, гостиварско. Тој бил пренесен во Медицинскиот центар Гостивар за укажување на лекарска помош. Известен е Јавен обвинител. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Гостивар и се работи на расчистување на случајот.

На 14.06.2020 во 09.00 часот било пријавено дека во Крушево, атар на с.Пуста Река, кај место викано „Крушка", при сеча на дрва Ѓ.А.(64) од Крушево се здобил со тешки телесни повреди. Тој бил пренесен во Градската општа болница Прилеп за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

Во текот изминатиот викенд на подрачјето на СВР Скопје санкционирани се осум возила, бидејќи биле нерегистрирани, шест возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, двајца возачи бидејќи поминале на црвено светло, еден возач поради недавање првенство на минување на пешаци, а 80 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 12, 13 и 14 јуни 2020 полициски службеници од СВР Битола извршиле контрола на брзина, контрола за алкохол, техничка исправност на возилото, користење сигурносен појас, мобилен телефон, поседување на возачка дозвола. Притоа, констатирани се 19 нерегистрирани возила, без возачка управувале 23 возачи, а под дејство на алкохол управувале 11 возачи и истите се отстранети од сообраќај. Брзината не ја почитувале 25 возачи, појас не користеле пет возачи, а пет други зборувале на мобилен телефон додека управувале возило. За сите неправилности се издадени соодветни налози.

На 14.06.2020 во 14.50 часот било пријавено дека во Куманово на бул. "Октомвриска револуција" патничко моторно возило "форд фокус" управувано од 15- годишник од Куманово удрило во бетонска жардињера, па во метална врата од сервис за миење автомобили. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил 17 годишен сопатник, а со телесни повреди се здобил друг сопатник Ф.Ј.(18) двајцата од Куманово, по што биле пренесени во Општата болница Куманово за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Куманово.

На 13.06.2020 во 20,50 часот било пријавено дека во с.Арачиново-скопско Ф.С.(19) од с.Арачиново, физички бил нападнат со тврд предмет од С.Ќ. кој му нанел тешки телесни повреди. Повредениот бил пренесен во Градската општа болница "Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.06.2020 во 00,00 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на ул.„Призренска" се слушала гласна музика и истрели од огнено оружје. По излегување на местото на настанот од полициски службеници било констатирано дека Б.Т.(29) од Скопје, полициски службеник, од службениот пиштол испукал неколку пати во воздух. За настанот бил известен Одделот за внатрешна контрола. На местото на настанот пронајдени биле чаури. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.06.2020 во 21,30 часот во Полицското одделение Шуто Оризари М.О.(36) од Скопје пријавил дека на ул."Индира Ганди" бил физички нападнат од две непознати лица. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Т.Ј.(39) од с.Брждани-кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "силување". На 08.06.2020 во с.Брждани, пријавениот со употреба на физичка сила и закана по нејзиниот живот, извршил обљуба врз оштетената при што насилно ја внел во неговото патничко возило „голф", потоа ја однел во атарот на с.Видрани и извршил полови дејствија, по што повторно со истото возило ја однел во неговата куќа каде исто така со употреба на физичка сила и сериозни закани извршил полови дејствија.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.Н. (21) од Теарце – Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "силување". На 09.06.2020 пријавениот во два наврата се обидел да изврши полови дејствија над оштетената од с.Теарце – Тетово. Имено заедно со неговиот пријател Б.Т.(25) од истото село, додека движејќи се со патничко возило „опел корса" управувано од Б.Т., пријавениот телефонски ја повикал да дојде во близина на спортска обложувалница, а кога пристигнала пријавениот ја убедил да влезе во возилото и сите тројца се упатиле кон с.Варвара- тетовско. Кога пристигнале во с.Варвара тројцата излегле од возилото и пријавениот со Б.Т. се обиделе да извршат полови дејствија, по што оштетената успеала да ги оттурне од себе. Потоа сите тројца влегле во возилото кое го управувал Б.Т. и се упатиле во правец кон с.Теарце–тетовско, при што пријавениот повторно се обидел да изврши полови дејствија над неа и физички ја нападнал, но не успеал во намерата. Кога пристигнале пред спортската обложувалница, пријавениот насилно ја извадил надвор од возилото и и упатил закани дека ќе објави нејзини слики на интернет, доколку раскаже на некој за настанот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ф.А. (31) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "полов напад врз дете кое не наполнило 14 години". На 08.06.2020 околу 21,00 часот, додека бил пред станбена зграда во Куманово каде живее, го забележал девојчето на возраст од девет години и во влезот од зградата се обидел да изврши полово дејствие, но не успеал.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против З.Б. (56) од Берово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "тешки дела против општата сигурност на луѓето". На 17.04.2020, на место викано „гавранов андак" во Берово, пријавениот сточар намерно со палење на папрати и нискостеблеста шума на четири различни места на растојание од 200-300 метри предизвикал пожар во кој изгорела површина од осум хектари од кои пет хектари пасишта и три хектари борова шума со што предизвикал штета на Р.Северна Македонија во вредност од 1.444.300 денари.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Ѓ.К. (35), Љ.Р. (29) и Р.Т. (24) сите од с.Раклиш-струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "спречување службено лице во вршење службено дејствије" На 02.06.2020 во кафе бар на бул.„Александар Македонски" во Радовиш, пријавените ги спречиле во вршење на службените дејствија полициски службеници од Полициската станица Радовиш, додека постапувале и преземале службени дејствија.

Регионалниот центар за Гранични работи Исток поднесе кривична пријава против Е.С.(55) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "криумчарење мигранти" и "тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот". На 08.06.2020 пријавениот со патничко возило „опел астра" на магистралниот пат Струмица–Радовиш, пред раскрсницата за с.Василево превезувајќи 11 мигранти од Пакистан предизвикал сообраќајна незгода во која едно лице го загубило животот, две лица се здобиле со тешки телесни повреди и пет лица се здобиле со телесни повреди.

ОВР Валандово поднесе кривична пријава против Р.С. (40) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "криумчарење мигранти". На 07.06.2020 во временскиот период од 07,30 до 08,00 часот, пријавениот со патничко возило "Фолксваген пасат" на автопатот Гевгелија–Смоквица, прифатил девет илегални мигранти: четири од Пакистан, четири од Бангладеш и еден од Ирак и ги превезувал до магистралниот пат Удово –Демир Капија кога го оставил патничкото возило и мигрантите и се дал во бегство.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против С.К. (65) од Берово, А.М. (39) од Делчево, и С.М. (45) од Р.Косово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". Второ и третопријавените неовластено набавиле пиштол, кој според неговата оргинална фабричка изведба преставува оружје за светлосно звучна сигнализација и извршиле дополнителна механичка интервенција, при што истото било прилагодено да може од него успешно да се испалува проектил со куршум од боева муниција со калибар 6,35 мм, односно оружјето било видоизменето и преправено во огнено оружје. Откако второ и третопријавените ја завршиле целата постапка со пренаменување на оружјето го дале на чување кај првопријавениот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Е.Р.(33) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Пријавениот како осуденик во КПД-Штип, во текот на јануари 2019 од непознато лице набавил марихуана, ја препакувал во помали најлонски паковки. На 07.05.2019 во затвореното одделение на КПД-Штип при претрес од страна на затворските чувари кај него биле пронајдени и одземени три најлонски паковки со марихуана.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.Р.(28) од с.Банско- Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Пријавениот како осуденик во КПД-Штип во текот на февруари 2020, од непознато лице набавил таблети бупренорфин. На 05.02.2020 при претрес од страна на затворските чувари кај него биле пронајдени и одземени таблети-бупренорфин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Н.В.(26) од Виница и А.У.(24) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 19.09.2019 на регионалниот пат Делчево–Виница, кај исклучокот кон с.Пеклани-Виница, Н.В. на А.У. му продал марихуана за сума од 3.000 денари. Истата А.У. ја набавил и пренесувал за продажба на лицата Б.И. и И.А. од Делчево. На 19.09.2019 од страна на полициски службеници на магистрален пат на место викано „студена чешма" било забележано патничко возило „поло" кое се движело во правец кон Делчево и при обидот да го запрат возилото, А.У. ја зголемил брзината и застанал подалеку. При прегледот на возилото, теренот и над пријавените пронајдена била и одземена марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Ѓ.Л.(38) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело"неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 11 јуни 2020 на ул.„Ударничка", во домот во кој престојува пријавениот од страна на полициски службеници бил извршен претрес и било утврдено дека неовластено произведувал хашиш, а заради продажба држел марихуана, потоа хашиш смола, алкохолен екстракт во кое било утврдено присуство на тетрахидроканабинол, амфетамин, таблети метилен-диоксиметамфетамин.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.А. (38) од с.Камењане - Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела "злоупотреба на службена положба и овластување", "фалсификување на исправа" предвидено и казниво по чл.378 ст.1 вв т.5 ст.1 од чл.379 од КЗ и "фалсификување на службена положба" предвидено и казниво по чл.361 ст.1 од КЗ. Во текот на 2019 пријавениот како помлад советник во оддел за граѓански работи-сектор за управно надзорни работи-отсек за управни работи при СВР Тетово, ја искористил службената положба со намера за себе да прибави противправна имотна корист и истиот по истекување на рокот за регистрација на патничко возило „мерцедес бенз" сопственост на С.Б. од с.Камењане, извршил фалсификување на службена исправа така што со свој потпис и службен печат заверил службена исправа- сообраќајна дозвола во која внел податоци и датум на регистрација до 15.02.2020, но не ја внел промената на податоците во системот за регистрација на моторни возила. Исто така, пријавениот изработил и фалсификувана полиса за осигурување, со намера истата да ја употреби како вистинска со наводно осигурително покритие од правно лице од Скопје за патничко возило „мерцедес бенз " со вкупна премија од 7.817.000 денари со која било оштетено правното лице. Откако сопственикот на возилото С.Б. дознал дека наведената осигурителна полиса не евидентирала во правното лице, тој се сретнал со пријавениот, а тој му кажал на С.Б. дека грешката настанала во системот за регистрација на возила во МВР, по што му ја зел сообраќајната дозвола и осигурителната полиса, а потоа му дал нова сообраќајна дозвола со регистрација на возилото до 09.10.2020 и му издал нова осигурителна полиса од друго правно лице.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.С. (33) и Ј.Ј. (33) двајцата од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "измама при добивање кредит или друга погодност". Првопријавениот, со намера да ја искористи поволноста за увоз и прва регистрација на возило кое не ги исполнува законски предвидените Еуро стандарди кои ги имаат државјаните на Р.Северна Македонија кои се враќаат од странство, на 12.08.2015, склучил два купопродажни договори за предметниот моторцикл, во едниот како полномошник на второпријавениот, го купува моторциклот од Б.Ј. (брат на второпријавениот) како продавач, а во другиот договор во свое лично име го купува од второпријавениот како продавач, со што првопријавениот станува сопственик на истиот моторцикл "Сузуки ГСХ-Р600". Второпријавениот, ја водел постапката за идентификација на возилото пред биро за метрологија од каде добил потврда на 10.06.2015 пред да биде увезено и царинето предметното возило на 11.08.2015, за потоа да добие и согласност за регистрација од ЦВО-Охрид на 12.08.2015. Потоа вака приготвената документација првопријавениот ја приложил како прилог кон барањето за регистрација до ОУР-Охрид и го регистрирал возилото.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.К.(36) од с.Долно Лакочереј, охридско и Ј.Ј. (33) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "измама при добивање кредит или друга погодност". На 26.06.2015 пријавените склучиле купопродажен договор за моторцикл „Јамаха", кој претходно второпријавениот го внел во Р.Северна Македонија на 24.12.2014, на Царински терминал-Струга со царинска декларација добиена со датум 23.06.2015. Потоа три дена пред да биде склучен купопродажниот договор, второпријавениот ја водел постапката за идентификација на возилото пред биро за метрологија од каде добил потврда на 10.06.2015, за потоа да добие и согласност за регистрација од ЦВО-Охрид на 25.06.2015. Вака приготвената документација првопријавениот ја приложил како прилог кон барањето за регистрација до ОУР-Охрид и го регистрирал возилото.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против И.Р. (51) од Гостивар и Р.Џ. (49) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторени три кривични дела "фалсификување на исправа", "употреба на исправа со невистинита содржина" и "измама при добивање кредит или друга погодност". На 15.12.2015, И.Р., иако знаел дека увезеното патничко возило „Фиат пунто" не ги исполнува законски предвидените Еуро норми за идентификација и регистрација во Р.Северна Македонија, изработил странски договор за продажба на возилото во кој внел невистинити податоци, а обезбедил и потврда за повратник издадена од ОУР-Кичево. Подготвената документација му ја дал на Р.Џ. -овластен работник во правно лице од Охрид, кој откако истата лично ја превел и заверил на нотар ја употребил во постапка за царинење на возилото, истата ја употребил во постапка за идентификација во бирото за метрологија Скопје, од каде била издадена потврда за отворање постапка за идентификација на име И.Р., и доставена до ЦВО Охрид, од каде била изработена согласност за регистрација за возилото. Со документацијата овозможил да биде издадена сообраќајна дозвола во ОУР-Кичево на име Т.С. од с.Колари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Крива Паланка поднесе кривична пријава против Д.Г. (39), Ж.И. (38) двајцата од Скопје и Ј.М. (31) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 05.05.2020 од 13,00 до 14,00 часот, на место викано „дубље", во с.Мождивњак-Крива Паланка, на спортско игралиште, пријавените организирале и одржале собир на граѓани на кој присуствувале околу 30 граѓани.

СВР Струмица и СВР Штип поднесоа 41 кривични пријави против повеќе лица. Така кривично пријавени се лицата Ф.Ш. од Струмица, А.М., М.Т., Д.Т., М.К., П.Ч. од Гевгелија, Д.Ј., Ф.Т., двајцата од Куманово, С.М. од Скопје, С.С. и А.Н. од Велес, И.С., М.С., двајцата од Богданци, кои што на различни локации во различен временски период за време на полициски час не ги почитувале препораките и одлуките на Владата со кои се определуваат мерки за сузбивање и спречување на ширење на "COVID-19" во угостителски објекти, како и против лицата М.Н.(27) од Скопје, Б.С.(35), Р.Р.(42), А.Т.(25), Г.П.(23), И.С.(31) сите од Василево, Д.К.(27), Ѓ.С.(29), И.К.(58), Г.Н.(25), В.И.(36), О.К.(20), Д.Б.(25) сите од Струмица, С.Ф.(24) од с.Дабиле, В.И.(49), В.И.(47), М.Т.(33), В.Т.(55), Ф.Т.(28) од с.Баница – струмичко, и Д.З.(51) од с.Добрејци. Исто така кривично пријавено е и правно лице од Радовиш затоа што на 02.06.2020 година во 22,10 часот, од страна на полициски службеници при вршење на контрола во посочениот угостителски објекти на лице место ги затекнале лицата-посетители и притоа тие не го одржувале пропишаното растојание од 1,5 метри и не носеле заштитна маска. Покрај ова пријавени се и Ѓ.К.(35) од с.Раклиш кој што не носел заштитна маска, како и лицата И.З.(37) од с.Град-Делчево - Кочани, С.Д.(53) од Делчево, К.Г.(18) од Делчево, Д.С.(42), С.З.(19), Б.Л.(23) тројцата од Кочани. Тие се сомничат за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените лица од 29.04.2020 година до 12.06.2020 година, не се придржувале кон воведената мерка „забрана на движење на подрачјето на Р Северна Македонија", со цел спречување на ширење на заразната болест COVID -19 и заштита на населението.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет